Institute for Democracy
Societas Civilis -Skopje

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за 2024

ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС„ СКОПЈЕ

СОДРЖИНА

1. ЗА НАС 3
2. ВИЗИЈА И МИСИЈА 4
3. ПРОГРАМСКИ ЦЕНТРИ НА ИДСЦС 5
Центарот за добро управување 5
Центарот за европски интеграции (ЦЕИ) 6
Центар за парламентарна подршка и демократизација 7
4. ПРОЕКТИ И ДОГОВОРИ ЗА УСЛУГА 8
СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕКОВНИ/ЗАВРШЕНИ ПРОЕКТИ 8
5. Достигнувања на ИДСЦС во 2024 10
6. ПУБЛИКАЦИИ 16
7. Јавни реакции 17
8. ЧЛЕНСТВА 17
9. ОСТВАРЕНИ ОБУКИ и НАСТАНИ 2024 19
10. Медиумско известување и видливост 33
Број на објави на социјални мрежи 33
Број на следбеници на социјални мрежи 34
11. Спроведени истражувања на јавно мислење 2024 35
12. Финансиски извештај 2024 36
Финансиски извештај за периодот 01.01.2024 - 31.12.2024 38

1. ЗА НАС

Институтот за Демократија "Societas Civilis" Скопје (ИДСЦС) е македонска тинк-тенк организација. Тоа е невладина, непартиска, непрофитна и секуларна институција. Институтот е **основан во 1999** година од страна на група интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество и со текот на времето оваа организација прерасна во значаен фактор во македонскиот цивилен и јавен сектор, врз основа на својата експертиза, перформанс и влијание.

За време на транзициониот период, Институтот играше значајна улога во јавната дебата, градење и зајакнување на капацитетите на државниот политички систем, како и на цивилното општество.Институтот за демократија е една од првите организации кои започнаа со спроведување истражувања на јавното мислење во општествените науки и им понуди на политичкиот сектор, академската заедница и медиумите програми со есенци-јални емпириски и кванитативни материјали. Имајќи го ова наследство и притоа постојано работејќи на ова поле, **ИДСЦС ја поседува една од најголемите истражувачки дата бази** во државава, и воедно е референтен извор за креатори на политика, академиции политичари.

Во период кога дефицитот на знаење, вештини и комптенции на политичките актери имаше влијание врз ефикасноста и ефективноста на институциите, Институтот овозможи **повеќе од 100 тренинзи** на членови на различни политички партии, со што им беа пренесени знаења и вештини кои потоа ги подобрија демократските процеси во Македонија.

ИДСЦС поседува високо ниво на професионализам, трудољубивост и иновативност. Овој пристап придонесува за стекнување на потребните

НИЕ СМЕ ГОРДИ НА:

Институтот беше прва организација во Македонија која иницира кампања за подигнување на свеста и застапувачка платформа под слоганот "Сакам да патувам без виза – Македонија без Шенген " што имаше силно влијание врз политичката агенда во однос на процесот на визна либерализација. Оваа кампања се смета за камен темелник во земјите кои се залагаат за слободно движење на луѓе и добра, и значајно го прошири социјалниот капитал во македонското општество. Институтот зазема активна улога во процесот на одговарање на прашалникот на Европска Комисија во однос на пристапот на Македонија во ЕУ.

Освен за прашања поврзани со евро-атлантската област, ИДСЦС активно учествуваше во пружање консултантски услуги за Секретаријатот за Европски Прашања на македонската влада, иницирајќи ја кампањата **"И сонцето е ѕвезда""**

квалитети, поради кои сме почитуван партнер на релевантни засегнати страни од политичката сцена и цивилниот сектор.

Нашите главни активности се **истражување, застапување и развој на капацитетите**. Употребуваме различни истражувачки методи (истражување во деск политички анализи, теренски и телефонски истражувања, фокус групи, статистички анализи, мониторинг итн), статегии за кампањи, обуки и конференции. Овој пристап ни овозможува да стекнеме целосен увид и да влијаеме врз комплексните социјално-политички димензии. ИДСЦС управува со тим на консултанти и истражувачи со цел да олеснува, координира, имплементира и понуди оптимални решенија за различни социјални и политички проблеми. Досега сме соработувале со значаен број истакнати меѓународни и локални експерти со различна експертиза во Република Македонија и во регионот. Ние инсистираме на валидност и сигурност во методите и инструментите кои ги користиме со цел да ги дефинираме сегашните околности.

ИДСЦС тргнува од едноставен факт дека еден од основните услови за успешна консолидација на демократијата во Македонија, како и за спречување антидемократски политички превирања – е креација на политичка клима и услови за демократска комуникација меѓу политичките актери во Македонија; креирање свест за толеранција и разбирање; еманципација на пасивните граѓани и либерализација на авторитарните умови кои продуцираат обострана омраза и анксиозност меѓу членовите на етничките заедници; континуиран развој на демократските капацитети на членовите на политичките партии.

2. ВИЗИЈА И МИСИЈА

На својот пат, ИДСЦС има визија за Македонија како високо развиена демократија на слободни и активни граѓани.

Мисијата на ИДСЦС е поддршка на развојот на демократските процеси преку промоција на креирање на политики базирани на истражување, анализи и консултација со засегнатите страни.

Мотивацијата на Институтот за Демократија “Социетас Цивилис” е преку истражувачка работа и анализи во областите од интерес, ИДСЦС да стане високоразвиена „тинк тенк“ организација и извор на знаење и советување на засегнатите страни во институциите и граѓанското општество”.

Во потрага во оваа визија, се стремиме да ги постигнеме следните **ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ**:

Балансиран **социо-економски развој;**

Активно граѓанство;

Партиципативна **политичка култура;**

Вградување либерални вредности во општеството**;**

Почитување на **владеењето на правото и добро владеење**;

Промовирање **одржливо образование;**

Постигнување носење одлуки базирани на докази;

Мултиетничка и мултикултурна коегзистенција

3. ПРОГРАМСКИ ЦЕНТРИ НА ИДСЦС

Центарот за добро управување

Центарот за добро управување има за цел да промовира и работи на иницијативи за поттикнување и етаблирање на принципипте на добро управување во функционирањето политичкиот систем и во општествениот живот.

Институтот за демократија ги следи принципите на добро управување поставени од Организацијата на Обединети Нации[1]:
- Партиципативност
- Владеење на право
- Транспарентност
- Респонзивност

[1] Што е добро управување? http://www.unescap.org/sites/default/files/good-governance.pdf

- Ориентираност кон консензуалност
- Правичност и инклузивност
- Ефективност и ефективност
- Отчетност

Центарот за добро управување своите цели ги остварува преку истражувачки дејности - собирање податоци, мониторирања, анализи – и застапувачки дејности – предлози за јавни политики, промотивни активности и делување кон политичките, државните, јавните институции и општата јавност. Центарот за добро управување исто така се осигурува дека ИДСЦС во своето ги применува овие принципи и делува во насока на “practice what you preach”.

Главни области на работа и фокус

Главни тематските области на Центарот за добро управување вклучуваат: процесот на креирање на јавни политики, функционирањето на законодавната и извршната власат, антикорупциски политики, политики за транспарентност и за отворени податоци, неформални политички и општествени односи, избори и изборна политика, мултикултурни политики, децентрализација и политичка култура.

Центарот за европски интеграции (ЦЕИ)

Опсегот на работа на ИДСЦС Центарот за европски интеграции е стеснет поради застојот на целокупниот европски интеграциски процес на Македонија. Оттука, капацитети кои се вложени во овој центар засега се доволни и постоечкиот кадар може да ги задоволи потребите.

Мисија на ИДСЦС Центарот за европски интеграции е да го анализира и промовира процесот на европска интеграција во Македонија како и во регионот. Во наредниот период, потребно е зајакнување на регионалната компонентна на процесот и насочување на ресурсите на Центарот кон зајакнување на оваа регионална компонента.

Предвидени насоки во кои треба да се движи и надградува работата на Центарот за европски интеграции:

1. Регионално поврзување и вмрежување во реномирани европски и регионални мрежи кои се баваат со прашања од процесот на европска интеграција. Поврзување со сродни организации во западен Балкан.
2. Осмислување и имплементирање на постојани (интервални) мониторинг алатки

3. Зголемување на видливоста на Центарот преку аналитички продукти
4. Развивање на капацитетите за foresight analysis поврзани со процесот на европски интеграции (концепција која е применлива и за другите истражувачки центри).

Центар за парламентарна подршка и демократизација

10 годишната Програма за поддршка на Собранието (ППС) подржана од Швајцарската програма за соработка и развој, а која им беше доделена на конзорциумот НДИ (Национален Демократски Институт, ИДСЦС и ЦУП) овозможува долгорочно планирање и одржливост на функцинирањето на овој центар, кој дополнително може проектно и констултантски да ги сервисира потребните на Парламентот од аспект на реформските процеси. Ценатрот спроведува месечни истражувања на квалитетот на парламентарната дебата, следење на заложбите од процесот на Отворено владино партнерство во Парламентот, годишни истражувања на јавното мислење за работата на Парламентот и актуелни политички прашања. Центарот исто така е вклучлен и во администрирање на финансиската подршката за академско наобразба на членови на Собраниската служба и Парламентарниот инстиут.

4. ПРОЕКТИ И ДОГОВОРИ ЗА УСЛУГА

За 2024 Инситутот за демократија во своето портфолио опфати вкупно 12 проекти, во споредба со минатата 2022 година кога во тек на имплемнтација беа 11 проект.

СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕКОВНИ/ЗАВРШЕНИ ПРОЕКТИ

Бр.	Проект	Донатор	Период на имплементација	Износ на грант	Центар
1.	Parliament support programme (partner with NDI)	Swiss Agency for Development and Cooperation	Јуни 2019 - Декември 2027	7,425,676.00 МКД	ЦППИ
2.	Механизам за скрининг на инвестиции – зачувување на безбедноста и јавниот ред во Западен Балкан	CIPE	Февруари 2023 – Март 2024	$93.174	ЦЕИ
3.	Зајакнување на геополитичката ЕУ во Источното Соседство и Западен Балкан	ЕК Хоризонт 2020	Јуни 2024-јуни 2027	€ 110,875	ЦЕИ
4.	Перцепија на јавноста за ЕУ интеграција	Конрад Аденауер	Октомври декември 2024	419,457.00 МКД	ЦЕИ
5.	Берлински процес по Тирана 2023? Редефинирање на улогата на граѓанското општество	Фондација Отворено општество – Западен Балкан	ноември 2023 – март 2024 година	$44.000	ЦЕИ
6.	Парламентарна дипломатија: Регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германското сојузно министерство за надворешни работи.	Април 2023-Април 2025	21,418,960.00 MKD	ЦЕИ

7.	ENCODE – откривање на емоционалните димензии на политиката за поттикнување на европската демократија	ЕК Хоризонт 2020	јуни 2024 – мај 2027 година	82.031€	ЦДУ
8.	Партнерство против корупција	УСАИД	Септември 2023-Март 2024	122,619.00$	ЦДУ
9.	Воспоставување на платформа за дијалог за подобро спроведување на билатералните договори на Северна Македонија со Грција и Бугарија	ГИЗ	Февруари.2024 до Декември 2024	24.873 €	ЦЕИ
10	Зацврснување на дебата за отчетност и анти корупција	НЕД	Октомври 2023-Септември 2025	100,500.00$	ЦДУ
11	Граѓаните против корупцијата	УСАИД	Април 2023-Април 2028	5,998,487.00 УСД. (вкупен проектен буџет)	ЦДУ
12	Антикорупциски мерки во развој на инфраструктурни проекти	УНДП	Јули 2023-јули 2024	2,304,830.00 МКД	ЦДУ

5. Достигнувања на ИДСЦС во 2024

1. Придонес во креирање на политики на национално ниво.

Експертизата на тимот во доменот на парламентарни реформи, демократизацијата и добро управување беше препознаена од институциите, што се согледува преку учеството на ИДСЦС во низа релевантни процеси. Во изминатиот период тимот придонесе кон креирањето политики, анализи и документи од национално значење преку учество во:

1. Подготовка и финализација на повеќе извештаи за квалитетот на дебатата (DQI), кои се користат како аналитичка основа за подобрување на парламентарната дебата,аргументацијата и вклученоста на маргинализираните групи.

2. Дизајн и спроведување на годишни анкети за перцепцијата на граѓаните за работата на Собранието, кои информираат институционални политики за пристапност, отчетност и комуникација.

3. Подготовка на прогрес извештај за Отворено собрание (OGP) и учество во сите порцеси на Собрнието кон исполнувањето на заложбите за Отворено Собрние, со кој ИДСЦС придонесе во креирањето на политики за транспарентност, пристапност и отчетност на Собранието

4. Изработка на аналитички материјали и инфографици за буџетски и финансиски скрининг, како поддршка за подобрување на надзорната функција на Собранието.

5. Подготовка и споделување на ад-хок и кратки аналитички материјали, вклучително анализи за усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis, анализа на пратенички прашања, анализа на дебатите за буџетските ребаланси и подготовки за анализи поврзани со човекови права и парламентарни комисии.

6. Учество во креирање и дискусија на политики поврзани со интегритетот, отчетноста и транспарентноста на политичките партии преку подготовка, анализа и презентација на наодите од истражувањата за интегритет на политичките партии (PPI).

7. Поддршка на креирање политики за унапредување на парламентарната транспарентност и комуникација со јавноста преку анализи и препораки засновани на годишните анкети за перцепцијата на граѓаните и експертската јавност за работата на Собранието.

8. Активно учество во националните OGP процеси и во дијалогот за спроведување на обврските од Отворено собрание, вклучително и координација со Собранието, OGP националниот координатор и граѓанските организации.

9. Изработка на сеопфатна аналитичка студија за учеството на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот, која обезбеди докази за структурните бариери, институционалните празнини и потребата од таргетирани мерки за нивно поголемо вклучување во процесите на одлучување.

10. Придонес во креирање политики за унапредување на родовата и етничката инклузија преку формулирање препораки засновани на докази, при што Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ) ја препозна препораката за менторски програми како релевантна и најави напори за нејзина имплементација.

11. Изработка на сеопфатна анализа за нивото на имплементација на Законот за употреба на јазиците шест години по неговото усвојување, која обезбеди систематски увид во исполнувањето на законските обврски на централно и локално ниво, како и во искуствата и перцепциите на граѓаните од немнозинските етнички заедници.

12. Формулирање на конкретни и применливи препораки за унапредување на имплементацијата на Законот за употреба на јазиците, вклучително зајакнување на улогата на надлежните институции, потребата од ex post надзор од страна на Собранието и подобрување на институционалните капацитети за повеќејазично администрирање.

2. Зајакнување на капацитетите на засегнатите страни.

Тимот на ИДСЦС значајно придонесе кон развојот на капацитетите на пратениците, собраниската служба, државните институции и политичките партии преку низа активности за обука, поддршка и институционално јакнење, меѓу кои:

1. Администрирање и имплементација на Swiss Fellowship Program, вклучително: селекција на кандидати, интервјуа, обработка на апликации, доделување стипендии, мониторирање на напредокот и поддршка на службеници од Собранието и Државната ревизија.

2. Проширување на програмата преку воспоставување соработка со нови високообразовни институции и адаптација на програмата кон потребите на различни профили на вработени, вклучително и обезбедување групни стипендии и напредни ИТ обуки.

3. Редовни презентации на наодите од DQI, годишните анкети и фокус групите пред пратениците, со што се зајакнува нивната способност за информирано одлучување, унапредување на квалитетот на дебатата, разбирање на трендовите во јавната перцепција и применување препораки во практиката.

4. Подготовка и презентација на методологија за Антикорупциска проверка на легислативата (АПЛ), како и консултации со пратеници и меѓупартиската антикорупциска група за нејзина идна имплементација.

5. Обезбедување методолошка и техничка поддршка на институциите преку вклучување на ЦППД во OGP процеси, буџетски анализи и мониторинг на парламентарни активности.

6. Поддршка на политичките партии во процесите за самооценка на интегритет, вклучително дистрибуција и администрирање на прашалници, обработка на податоци и консултации со партиските раководства.

7. Подготовка и поддршка на институциите за користење алатки за транспарентност, отчетност и комуникација со јавноста, особено во рамки на OGP процесите и парламентарниот ТВ канал.

8. Зајакнување на капацитетите за надзор и анализа преку прибирање и обработка на податоци, како и преку регионална размена на искуства и учество на ИДСЦС во регионални и меѓународни настани поврзани со парламентарна отвореност и мониторинг.

9. Јакнење на капацитетите на институциите и релевантните чинители преку презентација и дискусија на наодите и препораките од студијата, со цел подобро разбирање на специфичните предизвици со кои се соочуваат жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот.

10. Поддршка на институционалното размислување за развој на менторски и капацитетски програми за жени од заедниците, преку обезбедување аналитичка основа, компаративни согледувања и конкретни модели за нивна примена.

11. Јакнење на капацитетите на институциите задолжени за спроведување на Законот за употреба на јазиците преку обезбедување детални податоци и анализи за административните, кадровските и финансиските предизвици со кои се соочуваат јавните институции и општините.

12. Поддршка на институционалното планирање и развој на човечки ресурси за превод и лектура преку идентификување на недостигот од сертифицирани преведувачи и лектори, како и потребата од поактивна улога на Агенцијата за примена на јазикот и Инспекторатот за јазици.

3. Влијание врз јавниот дискурс, застапување, и актуелизирање на корупциски теми/проблеми

"Во текот на 2024 година, влијанието врз јавниот дискурс беше условено од изборниот контекст и одлуките на донаторот за одложено јавно објавување на дел од истражувачките наоди. Сепак, и покрај овие ограничувања, постигнатиот придонес се согледува преку:

1. Презентации и дискусии за наодите од DQI, анкетите и аналитичките материјали пред пратеници, собраниски службеници, Швајцарската амбасада, дипломатскиот кор и партнерските организации, со што се отворија дебати за квалитетот на парламентарната дебата, транспарентноста и отчетноста.

2. Актуелизирање на теми поврзани со корупцијата и институционалниот интегритет преку истражувањата за интегритет на политичките партии, АПЛ методологијата и презентациите пред релевантни чинители.

3. Презентирање на трендови во јавната и експертската перцепција за довербата во институциите, работата на Собранието и корупцијата на локално и национално ниво, придонесувајќи кон поинформирани јавни и стручни дискусии.

4. Поттикнување на транспарентност и отворени податоци преку активностите поврзани со OGP, вклучително промоција на парламентарниот ТВ канал и зголемување на видливоста на институционалните алатки за јавноста.

5. Идентификување и споделување на институционални слабости и системски предизвици кои ја ограничуваат транспарентноста и отчетноста, како и формулирање препораки за нивно надминување во наредниот период.

6. Актуелизирање на темата за политичкото учество на жените од заедниците преку јавно претставување на наодите од студијата пред институции, дипломатски претставници и граѓански организации, со што се отвори информирана дискусија за родовата и етничката еднаквост во политиката.

7. Придонес кон јавниот и институционалниот дискурс за интегритет, еднаквост и недискриминација преку истакнување на потребата од системски мерки (менторство, заштита од дискриминација, поддршка за лидерство) за жените од заедниците.

8. Поддршка на институционалното планирање и развој на човечки ресурси за превод и лектура преку идентификување на недостигот од сертифицирани преведувачи и лектори, како и потребата од поактивна улога на Агенцијата за примена на јазикот и Инспекторатот за јазици.

9. Придонес кон јавниот и експертскиот дискурс за владеењето на правото, недискриминацијата и мултикултурноста преку истакнување на системските слабости во примената на Законот за употреба на јазиците и потребата од политичка волја и институционален консензус за негова целосна имплементација.

10. Апликацијата „Реагирај“ . Во 2024 година беше посветена на јакнење на капацитетите и можностите. **Ја промовиравме апликацијата „Реагирај“,** работевме со подмладоците на политичките партии и ја подобривме меѓуинституционалната координација во борбата против корупцијата.

Со платформата „Реагирај“, развиена во рамки на проектот „Граѓаните против корупцијата“, сакаме да помогнеме во еден клучен детаљ од ланецот помеѓу граѓанското незадоволство и активизмот против корупцијата. „Реагирај“ им овозможува на корисниците, својата разочараност, несогласување, но и лутина да ја искажат конструктивно преку конкретни акции во кои се бара одговорност и подобрување на состојбите. Во изминатите четири месеци, речиси 6.000 корисници реагираа на акции поврзани со нефункционалниот јавен превоз, загадувањето, начинот на трошење на јавните пари во образованието, неефикасниот систем за справување и превенција од пожари, нетранспарентноста на јавните институции.

11.Во изборната 2024 година, **работевме со подмладоците на политичките партии** за зајакнување на нивното знаење за негативните ефекти на корупцијата и антикорупциските алатки. Преку проектот „Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција,“ поддржан од Националната фондација за демократија, 30 претставници стекнаа нови знаења и вештини за креирање политики во четири модули. Паралелно, подготвивме збирка антикорупциски препораки кои граѓанските организации ги дале во изминативе пет години, која им помогна на политичките партии да ја подобрат својата антикорупциска понуда во изборните програми.

12. Центарот и во оваа година продолжи со **јакнење на меѓуинституционалната соработка**. Фокусот беше на Собранието, па го продолживме дијалогот со Комисијата за политички систем и односи помеѓу заедниците за идните приоритети на антикорупциското делување на пратениците. Оваа година, Партнерството против корупција на УСАИД успешно ја подобри координацијата помеѓу Државната комисија за

спречување корупција и Јавното обвинителство, а механизмот за координација се прошири со Државниот завод за ревизија , Бирото за јавни набавки и Инспекцискиот совет. Ова е значаен чекор кон подобрување на ефикасноста во гонење на корупција и трошење на ограничените ресурси со кои располагаат овие институции.

13. Еден од нашите значајни успеси беше настанот „Парламентарна димензија на Берлинскиот процес“, организиран на 9 октомври во Бундестаг кој беше препознаен во заклучоците од Самитот на Берлинскиот процес. На настанот присуствуваа пратеници од Западен Балкан и Бундестагот, претставници на парламентарната служба, како и претставници од тинк-тенк организации кои зборуваа за важноста на учеството на парламентите во Берлинскиот процес, специфично во следење на заедничкиот регионален пазар и зелената агенда. Горди сме што настанот беше поздравен како клучен форум за зајакнување на парламентарната соработка во заклучоците на Самитот на Берлинскиот процес.

14. ИДСЦС исто така ја водеше и координираше групата за „Интеграција во ЕУ и Берлинскиот процес“ при Форумот за граѓанско општество и тинк тенк. Од работата на оваа група произлегоа низа на препораки за политики кои беа презентирани на главниот Форум кој се одржа од 9 до 11 октомври 2024 година во Берлин.

15. Како дел од нашите заложби во проектот „Механизам за скрининг на инвестиции – зачувување на безбедноста и јавниот ред во Западен Балкан“, формирана е работна група на Владата за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции, со што се обезбедува континуитет на досега сработеното. Институтот за демократија, заедно со своите партнери, ќе продолжи да ја дава својата поддршка и во оваа насока.

6. ПУБЛИКАЦИИ

Во 2023 година ИДСЦС подготви 85 публикација. Вкупно Од 2003 до 2024, ИДСЦС има продуцирано 811 публикации.

Публикации по година	2018	2019	2020	2021	2022	2023	**2024**
	32	**67**	**122**	**121**	**91**	**60**	**85**

Тип на публикација

	ЦДУ	ЦППД	ЦЕИ
Анализа на јавно мислење		**4**	**2**
Краток документ за јавни политики	**5**	**2**	**5**
Инфографик	**34**		
Анимирано видео	**21**		**1**
Извештај од набљудување		**4**	**4**
Застапувачки документ (полиси мемо/ колумна/ПР текст)	**3**		
Студија/Анализа на јавни политики		**1**	
Прирачник			
Вкупно	**63**	**11**	**10**
			85

Листата на публикации кои ИДСЦС ги продуцираше е дел од АНЕКС 1 на овој извештај.

7. Јавни реакции

Во 2024 ИДСЦС немаше објавено јавни реакции за теми од општествено политички интерес. За споредба во 2023 имаше 11

8. ЧЛЕНСТВА

Платформата на граѓански организации за борба против корупција

Платформата е неформална мрежа на 15 граѓански организации кои работат во областа на анти-корупцијата. Општите цели се организира околу индивидуални и колективни препораки за креаторите на политиката; вклучување во нив; и колективно зајакнување на капацитетите на организациите во оваа област. претставник ИДСЦС во Платформата е член на Одборот и иницираше неколку од активностите на мрежата.

SELDI.net

Југоисточнто Европско лидерство за развој и интегритет е коалиција на тинк-тенкови што работат во областа на анти-корупција и доброто владеење создадена во 2012 година Нејзините цели се да се изгради коалиција за развој на регионална стратегија и агенда на делување; спроведување на мониторинг на добар управување; и да подигање на јавната свеста. ИДСЦС е партнер во мрежата.

SEE Think NET

Формирана е првата мрежа на граѓански организации од Југоисточна Европа со задача да ги набљудува темите кои се дел од Берлинскиот процес – SEE Think Net Network.

Мрежата е формирана во март од организации од шесте земји од Западен Балкан дополнети со Словенија и Хрватска со поддршка од Европскиот фонд за Балканот. Координатор на Мрежата ќе биде Институтот за демократија од Македонија, а нејзини членки се и Мрежата за европско движење од Србија, Фондацијата отворено општетство од Албанија, EU Policy Hub, Мрежата Политикон од Црна Гора,

Центарот за безбедносни студии од Косово, Институтот за развој и меѓународни односи од Хрватска, Центарот за европска перспектива од Словенија и Аднан Ќеримагиќ од Босна и Херцеговина.

Целта на Мрежата е да придонесува со анализи и предлози за политики кон темите кои произлегуваат од Берлинскиот процес со што ќе придонесе кон информираната јавна дебата и носење на одлуки засновани на истражувања. Тоа ќе вклучува и следење на целиот процес одблизу и политиките на државите кои ги допираат темите од Берлинскиот процес. Мрежата до самитот на земјите од Берлинскиот процес кој ќе се одржи во Лондон планира да објави една анализа на јавни политики за Берлинскиот процес и европската перспектива на регионот која ќе биде промовирана на самитот во Кралскиот институт за меѓународни односни на 9 и 10 јули. Дополнително, Мрежата ќе изработи уште 5 други анализи кои ќе се однесуваат на миграцијата, безбедноста и владеењето на правото кои ќе се промовираат во Скопје, Белград и Тирана неделата пред почетокот на самитот во Лондон

9. ОСТВАРЕНИ ОБУКИ и НАСТАНИ 2024

Во 2023 се одржаа вкупно 28 настани (конференции, работилници, презентации, студиски посети) и 3 Обуки

Список на настани на Центарот за европски интеграции при Институт за демократија „Societas civilis“ - Скопје за 2024 година								
Број	Месец	Настани	Датум	Организатори	Проект	Донатор(и)	Партнер(и)	Линк
1	Февруари - Март	Студиска посета во Сараево и Белград	27 февруари - 1 март 2024	Институт за демократија „Societas Civilis“ - Скопје	Berlin Process after Tirana 2023? Redefining the role of	Open Society Foundation Western Balkans	/	https://idscs.org.mk/en/2024/03/07/the-role-of-civil-society-in-the-berlin-process-discussed-on-an-advocacy-visit-to-sarajevo-and-belgrade/

					civil society			
2	Март	Студиска посета во Берлин	6 - 8 март 2024	Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје	Berlin Process after Tirana 2023? Redefining the role of civil society	Open Society Foundation Western Balkans	/	https://idscs.org.mk/en/2024/03/25/advancing-the-role-and-impact-of-csos-in-berlin-process-discussed-at-the-advocacy-visit-in-berlin/
3	Мај	Студиска посета во Белград	17 - 19 мај 2024	ИДСЦС и Европско Движење во Србија	Advancing regional cooperation and EU	Western Balkans Fund	/	https://idscs.org.mk/en/2023/05/25/eu-accession-process-and-regional-cooperation-discussed-at-think-balkans-study-visit-in-belgrade/

				a (EMin S)	integration through the Tink Balkan's initiative			
5	Јуни	Меѓупарламентарна конференција "Придобивките од Берлинскиот Процес: Посебен фокус на Заедничкиот Регионален Пазар“	25-27 јуни 2024	ИДСЦС и Институт Алтернатива	Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германското министерство за надворешни работи		https://idscs.org.mk/en/2024/06/27/interparliamentary-conference-the-benefits-of-the-berlin-process-a-special-focus-on-the-common-regional-market/

6		GEO-POWER-EU kickoff event	11-12 јуни 2024	South East European Research Centre (SEERC) at CITY College, University of York Europe Campus	GEO-POWER-EU Empowering the geopolitical eu in the eastern neighbourhood and the western balkans	ЕУ		https://idscs.org.mk/en/2024/07/17/geo-power-eu-kickoff-event/
7	Септември	До каде сме со прогресот во Берлинскиот процес во однос	4 септември	Институт за демократија „Societas Civilis“ -	Парламентарна дипломатија: регионална сораб	Германско министерство за надворешни	/	https://idscs.org.mk/mk/2024/09/04/%d0%bd%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%b4%d1%81%d1%86%d1%81-%d0%b2%d0%be-%d1%81%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b4%d0%be-%d0%ba%d0%b0%d0%b4%d0%b5-%d1%81%d0%bc%d0%b5/

		на зелената агенда и заедничкиот регионален пазар?		Скопје	отка преку зајакнат парламентарен дијалог	работи		
8	Септември	Western Balkan Hubs advocacy visit to North Macedonia: EU Integration and the Political Landscape in Focus	23-25 септември 2024	Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје	WB Hubs	Open Society Foundations Western Balkans Open Society Foundation Sofia	/	https://idscs.org.mk/en/2024/09/27/western-balkan-hubs-advocacy-visit/

9	Октомври	„Парламентарна димензија на Берлинскиот процес“	8-10 октомври 2024	ИДСЦС и Бундестаг	Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германското министерство за надворешни работи	/	https://idscs.org.mk/mk/2024/10/10/parliamentary-dimension-berlin-process-event-bundestag/
10	Ноември	Navigating Challenges: How Bilateral Disputes Influence Domest	20 ноември 2024	ИДСЦС и Солуција	/	Belgrade Security Conference/ Belgrade Centre for Secu	Солуција	https://europeanwesternbalkans.com/2024/11/20/bilateral-disputes-harmed-eu-accession-of-north-macedonia-current-framework-unsustainable/?fbclid=IwY2xjawOs3yJleHRuA2FlbQIxMQBzcnRjBmFwcF9pZBAyMjIwMzkxNzg4MjAwODkyAAEesXmrHdbFCC8H73_d181s_ggZbcXjhgLSqX2F1bP2nRjvIXhhed8TNd0cw78_aem_1ApdoeV5GGOfkZtL9RuNgA

		ic Reforms in North Macedonia's EU Journey				rity Policy		
11	Декември	Interparliamentary conference "A decade of the Berlin Process: Lessons Learned and the Road Ahead"	11-13 декември 2024	ИДСЦС и Мрежа на прогресивни иницијативи	Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германско министерство за надворешни работи	/	https://idscs.org.mk/en/2024/12/16/berlin-process-sarajevo/

12	Декември	Конституивна седница за формирање на работна група за воспоставување на национален механизам за проверка на странските директни инвестиции	16 декември 2024	ИДСЦС и Министерството за Европски Прашања	ЦИПЕ	ЦИПЕ	/	https://www.facebook.com/IDSCS/posts/pfbid0N2qM8Jb756JtRT8x8gHk1ahFN8kjL6UqrCbkBD6LPxwcyJB2T9ZZrvCoWWvfwbhMl?rdid=8ijWYLxKWanZULQ8#

Список на настани на Центарот за добро управување при Институт за демократија „Societas civilis“ - Скопје за 2024 година								
Број	Месец	Настани	Датум	Организатори	Проект	Донатор(и)	Партнер(и)	Линк
1	Март	Презентација во Собранието Тема: „Поглед на Собрание: Извештај од набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието (јули–декември 2023)Ќ	21 март 2014	ИДСЦС	ПСП	СДЦ	НДИ	*Настан од затворен карактер
2	Мај	Презентација на наодите од теренските анкети за интегритет на политичките партии (PPI) пред Швајцарската амбасада	15 мај 2024	ИДСЦС	ПСП	СДЦ	НДИ	*Настан од затворен карактер
3	Мај	Презентација на наодите од теренските анкети за интегритет на политичките партии (PPI) пред Швајцарската амбасада	14 мај 2024	ИДСЦС	ПСП	СДЦ	НДИ	*Настан од затворен карактер
4	Септември	Презентација на наодите од теренските анкети за интегритет на политичките партии (PPI) пред СДСМ и ЗНАМ	2 септември 2024	ИДСЦС	ПСП	СДЦ	НДИ	*Настан од затворен карактер

5	Септември	Презентација на наодите од теренските анкети за интегритет на политичките партии (PPI) пред ВМРО - ДПМНЕ	3 септември 2024	ИДСЦС	ПСП	СДЦ	НДИ	*Настан од затворен карактер
6	Септември	Презентација на наодите од теренските анкети за интегритет на политичките партии (PPI) пред ДУИ	5 септември 2024	ИДСЦС	ПСП	СДЦ	НДИ	*Настан од затворен карактер
7	Септември	Презентација на наодите од теренските анкети за интегритет на политичките партии (PPI) пред ВЛЕН	12 септември 2024	ИДСЦС	ПСП	СДЦ	НДИ	*Настан од затворен карактер

Список на настани на Центарот за европски интеграции при Институт за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје за 2024 година

Број	Месец	Настани	Датум	Организатори	Проект	Донатор(и)	Партнер(и)	Линк
1	Февруари - Март	Студиска посета во Сараево и Белград	27 февруари - 1 март 2024	Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје	Berlin Process after Tirana 2023? Redefining the role of civil society	Open Society Foundation Western Balkans	/	https://idscs.org.mk/en/2024/0
2	Март	Студиска посета во Берлин	6 - 8 март 2024	Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје	Berlin Process after Tirana 2023? Redefining the role of civil society	Open Society Foundation Western Balkans	/	https://idscs.org.mk/en/2024/0
3	Мај	Студиска посета во Белград	17 - 19 мај 2024	ИДСЦС и Европско Движење во Србија (EMinS)	Advancing regional cooperation and EU integration through the Tink Balkan's initiative	Western Balkans Fund	/	https://idscs.org.mk/en/2023/0

5	Јуни	Меѓупарламентарна конференција "Придобивките од Берлинскиот Процес: Посебен фокус на Заедничкиот Регионален Пазар“	25-27 јуни 2024	ИДСЦС и Институт Алтернатива	Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германското министерство за надворешни работи		https://idscs.org.mk/en/2024/0
6		GEO-POWER-EU kickoff event	11-12 јуни 2024	South East European Research Centre (SEERC) at CITY College, University of York Europe Campus	GEO-POWER-EU Empowering the geopolitical eu in the eastern neighbourhood and the western balkans	ЕУ		https://idscs.org.mk/en/2024/0
7	Септември	До каде сме со прогресот во Берлинскиот процес во однос на зелената агенда и заедничкиот регионален пазар?	4 септември	Институт за демократија „Societas Цивилис“ - Скопје	Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германското министерство за надворешни работи	/	https://idscs.org.mk/mk/2024/0 %d1%81%d0%be%d0%b1%d1%
8	Септември	Western Balkan Hubs advocacy visit to North Macedonia: EU Integration and the Political Landscape in Focus	23-25 септември 2024	Институт за демократија „Societas Цивилис“ - Скопје	WB Hubs	Open Society Foundations Western Balkans Open Society Foundation Sofia	/	https://idscs.org.mk/en/2024/0

9	Октомври	„Парламентарна димензија на Берлинскиот процес“	8-10 октомври 2024	ИДСЦС и Бундестаг	Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германското министерство за надворешни работи	/	https://idscs.org.mk/mk/2024/1
10	Ноември	Navigating Challenges: How Bilateral Disputes Influence Domestic Reforms in North Macedonia's EU Journey	20 ноември 2024	ИДСЦС и Солуција	/	Belgrade Security Conference/ Belgrade Centre for Security Policy	Солуција	https://europeanwesternbalkan unsustainable/?fbclid=IwY2xjaw
11	Декември	Interparliamentary conference "A decade of the Berlin Process: Lessons Learned and the Road Ahead"	11-13 декември 2024	ИДСЦС и Мрежа на прогресивни иницијативи	Парламентарна дипломатија: регионална соработка преку зајакнат парламентарен дијалог	Германското министерство за надворешни работи	/	https://idscs.org.mk/en/2024/1
12	Декември	Конститутивна седница за формирање на работна група за воспоставување на национален механизам за проверка на	16 декември 2024	ИДСЦС и Министерството за Европски Прашања	ЦИПЕ	ЦИПЕ	/	https://www.facebook.com/IDS

		странските директни инвестиции						

10. Медиумско известување и видливост

Број на објави на социјални мрежи



	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
Веб-страница на македонски	71	99	123	131	111	86	56
Веб-страница на англиски	24	23	52	74	55	62	33
Фејсбук	290	386	478	394	249	195	200
Твитер	245	361	437	322	210		132
Инстаграм	58	5	193	85	32	19	80
Стори Инста и ФБ							66
Јутјуб	1	10	48	23	11	4	15
Линкдин	0	21	68	23	19	5	72
Медиумски објави	224	567	374	526	464	513	229

Број на следбеници на социјални мрежи

	јануари 2020	мај 2020	јануари 2021	мај 2021	август 2022	јануари 2023	Јуни 2024	Јануари 2025
YouTube	67	68	81	88	106	107	118	132
Instagram	329	397	489	615	1400	1.510	2365	2.593
Linkedin	13	31	75	98	256	295	497	797
Twitter	1.458	1.554	1.659	1.705	1.834	1.924	0	1.990
Facebook	11.185	11.315	11.666	11.999	12.694	12.865	13.445	13.749

YouTube Instagram Linkedin Twitter Facebook

11. Спроведени истражувања на јавно мислење 2024

Спроведени истражувања на јавно мислење (ИДСЦС) 2024	Период на имплементација
Перцепции на јавноста за работата на Собранието (Теренска анкета/ Национален примерок)	**Февруари –Април 2024**
Конрад Адеанауер – Годишно истражување за ЕУ перцпеции (Теренска анкета национален примерок	**Октомври-Ноември 2024**
Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ИСППИ-УКИМ),поддржан од Институтот за демократија „Societas civilis“ Скопје (ИДСЦС) и Швајцарската програма за поддршка на изборите во Северна Македонија, која ја спроведува Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). на почетокот на 2024 година воспоставија соработка со цел имплементација на шестиот модул на Компаративното истражување на изборните системи – КИИС (Comparative Study of Electoral Systems, CSES: https://cses.org/). Истражувањето беше поддржано и од Американската национална научна фондација во рамките на Програмата за почетни грантови на КИИС. Теренската работа за анкетата беше спроведена кон крајот на 2024 година.	**Октомври –декември 2024**

12. Финансиски извештај 2024



	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
Приходи	37.881.509	35.303.798	41.442.041	47.819.187	52.340.181	56.051.547	59.299.943	77.056.114
Расходи	22.242.815	19.556.497	28.094.324	23.722.596	33.712.518	32.642.814	35.468.292	45.029.866

Вишок на приходите над трошоците од претходната година кој е пренесен во 2024 е вклучен во вкупниот приход и изнесува 31.994.696,00 мкд. Следствено **нето приходот за 2024 без оваа ставка изнесува 45.061.478 МКД** што е зголемување од 25% во споредба со нето приходот за 2023 кој изнесуваше 36.046.748 МКД.



Донатор/Клиент	%
Embassy of the Federal Republic of Germany	24,4
Management Systems International, Inc. - Tetra tech	12,6
Macedonian Centre for International Cooperation	10,2
Centre for international private enterprise CIPE	8,3
EIDIKOS LOGARIAMOS KONDYLION-HORIZON 2020 (GEO-POWER)	7,7
ASM REEARCH SOLUTIONS STRATEGY-NORIZON 2020 (ENCODE)	7,1
National Endowment for Democracy NED	5,3
National Democracy Institute NDI	5,1
GIZ Skopje Office	2,4
FOOM	2,2
OSCE	1,7
Fondacioni Shoqëria e Hapur për Shqipërinë	1,7
Center for the study of democracy	1,3
FONDATSIYA INSTITUT OTVORENO OBSHITE Bulgaria	1,0
MEDZINARODNY VYSEHRADSKY FONDHVIEZD	0,5
Останати	8,7
Вкупно	100%

Финансиски извештај за периодот 01.01.2024 - 31.12.2024

Финансиски извештај за периодот 01.01.2024 - 31.12.2024		
Опис на трошоци	**Просечен износ по месец во МКД**	**Вкупен износ во МКД**
1. Човечки ресурси		
1.1. Плати и надоместоци за вработените	1,443,290 ден	17,319,484 ден
1.2. Трошоци за професионална надоградба	0 ден	0 ден
1.3. Хонорари на вработените за дополнителен ангажман и прекувремена работа	0 ден	0 ден
1.4. Други трошоци за вработените	34,992 ден	419,898 ден
Човечки ресурси ВКУПНО:	**1,478,282 ден**	**17,739,382 ден**
2. Надворешни соработници		
2.1. Хонорари за авторство на публикации	- ден	- ден
2.2. Хонорари за експертски/консултантски дневници	94,805 ден	1,137,665 ден
2.3. Договори на дело	525,812 ден	6,309,746 ден
Надворешни соработници ВКУПНО:	**620,618 ден**	**7,447,411 ден**
3. Професионални услуги		
3.1. Преведувачки услуги	49,690 ден	596,281 ден

3.2. Лектура	3,798 ден	45,574 ден
3.3. Дизајн	61,776 ден	741,313 ден
3.4. Графички и печатарски услуги	3,699 ден	44,387 ден
3.5. Истражување на јавно мислење	136,296 ден	1,635,549 ден
3.6. Правни работи и консалтинг	50 ден	600 ден
3.7. Ревизија	4,056 ден	48,674 ден
3.8. Сметководствени услуги	10,598 ден	127,170 ден
Професионални услуги ВКУПНО:	**269,962 ден**	**3,239,548 ден**
4. Локален транспорт		
4.1. Транспорт со сопствено возило	7,161 ден	85,929 ден
4.2. Транспортни услуги од надворешни добавувачи (автобус, минибус, воз)	41,733 ден	500,796 ден
4.3. Изнајмување на транспортно средство	- ден	- ден
4.4. Такси услуги	6,536 ден	78,426 ден
4.5. Друг транспорт	- ден	- ден
4.6. Патни трошоци/патарини/паркинг	2,892 ден	34,702 ден
Локален транспорт ВКУПНО:	**58,321 ден**	**699,853 ден**
5. Меѓународни патувања		
5.1. Транспорт со сопствено возило во странство	- ден	- ден
5.2. Авио превоз	88,384 ден	1,060,608 ден
5.3. Друг меѓународен транспорт	- ден	- ден
5.4. Хотелско сместување	144,061 ден	1,728,736 ден
5.5. Престој во странство (дневници, визи)	36,687 ден	440,240 ден
Меѓународни патувања ВКУПНО:	**269,132 ден**	**3,229,584 ден**

6. Настани (конференции, обуки, организациски ритрит)		
6.1. Хотелски услуги	- ден	- ден
6.2. Угостителски и кетеринг услуги	45,123 ден	541,473 ден
6.3. Наем на конференциски сали и техничка опрема	2,803 ден	33,638 ден
Настани ВКУПНО:	**47,926 ден**	**575,111 ден**
7. Комуникации и односи со јавност		
7.1. Поштенски услуги	293 ден	3,520 ден
7.2. Телефон/телефакс и интернет	3,996 ден	47,947 ден
7.3. Мобилна телефонија	3,731 ден	44,772 ден
7.4. ТВ	349 ден	4,188 ден
7.5. Курирски услуги (DHL, City Bike)	- ден	- ден
7.6. Маркетинг услуги	14,622 ден	175,458 ден
7.7. Спонзорирање објави на социјални мрежи	18,439 ден	221,270 ден
7.8. Претплата на весници, списанија и е-пристап	150 ден	1,800 ден
7.9. Претплата на комуникациски алатки (Infogram, Zoom, LimeSurvey, Turner)	6,312 ден	75,746 ден
7.10. Одржување на веб-страница	4,459 ден	53,507 ден
7.11. Одржување на информациско-комуникациска инфраструктура	16,817 ден	201,800 ден
7.12. Рекламен/промотивен материјал	38,459 ден	461,504 ден
Комуникации и односи со јавност ВКУПНО:	**107,626 ден**	**1,291,512 ден**
8. Имот - режиски трошоци		

8.1. Енергија	4,968 ден	59,615 ден
8.2. Вода	892 ден	10,708 ден
8.3. Затоплување (парно греење)	4,031 ден	48,375 ден
8.4. Одржување хигиена	12,685 ден	152,221 ден
8.5. Наемнина за закуп на деловен простор	62,327 ден	747,929 ден
8.6. Тековно одржување, сервис и поправки	2,484 ден	29,812 ден
8.7. Осигурување	14,179 ден	170,144 ден
8.8. Комунални услуги	245 ден	2,940 ден
Имот - режиски трошоци ВКУПНО:	**101,567 ден**	**1,221,744 ден**
9. Канцелариски набавки		
9.1. Канцелариски материјали	7,295 ден	87,536 ден
9.2. Хартија	1,250 ден	15,000 ден
9.3. Тонери	294 ден	3,522 ден
9.4. Средства за хигиена	2,835 ден	34,016 ден
9.5. Ситен инвентар	1,739 ден	20,873 ден
9.6. Опрема	10,765 ден	129,179 ден
9.7. Софтвер	- ден	- ден
9.8. Репрезентација	22,739 ден	272,862 ден
Канцелариски набавки ВКУПНО:	**46,916 ден**	**562,988 ден**
10. Соработка		
10.1. Пренесени средства на други субјекти (партнерски организации, регрантисти, стипендирање)	583,696 ден	7,004,357 ден
10.2. Членарини / Донации	- ден	11,300 ден
Соработка ВКУПНО:	**583,696 ден**	**7,015,657 ден**

11. Финансиски услуги и останати трошоци		
11.1. Банкарски провизии	23,754 ден	285,046 ден
11.2. Камати	2 ден	19 ден
11.3. Курсни разлики	8,713 ден	104,559 ден
11.4. Претплата за MasterCard и Visa Business картици	- ден	- ден
11.5. Судски такси	- ден	- ден
11.6. Централен регистар	170 ден	2,036 ден
11.7. Расходи од минати години	- ден	- ден
11.8. Друго	514 ден	6,162 ден
11.9.Трошоци за стипендии	100,659 ден	1,207,908 ден
11.10.Трошоци за образовни услуги	- ден	- ден
11.11.Надворешни услуги од други	26,471 ден	317,648 ден
11.12.Расходи кои не се во функција на дејноста-ПД и исплати без документ	6,975 ден	83,698 ден
Финансиски услуги и останати трошоци ВКУПНО:	**160,282 ден**	**2,007,076 ден**
ВКУПНО:	**3,744,327 ден**	**45,029,866 ден**